

# Baumacol FlexUni Gel

## Флексибилен лепак класа C2TE со гел технологија

- **Иновативна ГЕЛ технологија**
- **Одлична обработливост**
- **За дебелини од 2-15 мм**

**Производ**

Иновативен, флексибилен, со одлична обработливост, постојан, отпорен на вода и мраз, лепај за керамика со продолжено отворено време и зголемена стабилност, класа C2TE според EN 12004. За положување на керамички зидни и подни плочки, мозаик, фин камен и природен камен, за надвор и внатре. Извонредна обработливост, изедначено и брзо сушење, мала потрошувачка, варијабилна конзистенција, подобрена тиксотропност за големи плочки, кремаста структура и одлична конзистенција за лепење со целосна површина, за нанесување во дебелини од 2-15 mm.

**Состав**

Песок, цемент, органски врзива и специјални адитиви за оптимизирани својства на обработка.

**Својства**

Благодарение на специјалната формулација, лепакот побрзо зацврснува и со тоа обезбедува посигурно и побрзо изведување на работата. Конзистенцијата може да се прилагодува до посакуваната потреба за време на положувањето на ѕидови и подови, што значи дека може да се постигне и до 15% поголема покривност, особено за време на изведба на работите на под. Дебелината на слојот на вградување може да варира од 2-15 mm во склад со потребната апликација. Со примена на гел технологијата се одликува со многу кремаста конзистенција и одлична обработливост.

**Аплицирање**

За положување на сите типови на керамички ѕидни и подни плочки, исто така и со голем формат (внатрешни плочки <1mx1m, надворешни плочки<60cmx60cm), за мозаик, гранитни, грес и фини камени плочки, како и за лепење на природен камен, за внатрешна и надворешна употреба. Посебно за плочки со голем формат, како и за лепење при различни дебелини.

**Технички податоци**

| | |
|---|---|
| норма: | EN 12004 |
| класификација: | C2TE |

**Облик на испорака**

Вреќа 25 kg, 1 палета= 54 вреќи = 1350 kg

**Складирање**

12 месеци на суво на дрвени палети

**Гаранција за квалитет**

Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции**

Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Подлога**

Подлогата мора да биде чиста, сува, незамрзната, обезпрашена, не смее да биде водоодбивна, без изцветување, без масни дамки, носивва и без нестабилни делови.
Погодна подлога:
- бетон,
- поробетон,
- варово-цементен малтер,
- гипсан малтер,
- цементна кошулка,
- цементен малтер,
- гипс картонска плоча,
- саморазливни маси,
- разливни анхидридни кошулки,
- керамички плочки итн.

Непогодна подлога:
- дрво,
- метал,
- пластика,
- линолеум,
- битуменски подлоги,
- органска боја и малтери,
- цементни подлоги пред завршување на процесот на собирање

**Подготовка на подлогата**

Да се израмни и изнивелира подлогата (по потреба, да се почитува времето на сушење, мин 24h):
- порамнувачки малтери (Baumacol Preciso)
- самонивелирачки маси (Nivello Quatro, Nivello 50)

За подобрена адхезија, регулирање на впивливоста и подобро аплицирање нанесете:
- впивливи површини - Baumit Grund без разредување, сушење од 15-60 мин.
- невпивливи површини – Baumit SuperPrimer, сушење 45 мин.

**Обработка**

**Мешање**:
Baumit Baumacol FlexUni се истура во чиста вода (околу 7,5-9l вода по вреќа), се меша со спороротирачка мешалка 500о/min или во континуирана мешалка со рамномерно додавање вода 3 минути; оставете да одстои околу 5 минути, па уште еднаш промешајте. Конзистенцијата на веќе зацврстениот материјал не може да се подесува со доплинтелно додавање вода. Додавање на забрзувачи или адитиви против мрзнење не е дозволено.
**Аплицирање**:
Се препорачува лепакот да се нанесе рамномерно на подлогата со мазната страна од глетарката, која дополнително се израмнува со назабената страна од глетарката додека не се добие изедначен изглед со додавање на лепак доколку е потребно. Керамичките плочки треба да се поставaт во свеж лепак во рамките на отвореното време и да се поставaт со лесно помрднување и притискање на плочките, со што се постигнува оптимално лепење. Внатре, обезбедете да површината на керамичките плочки бидат покриени со лепак во однос од најмалку 65% од површината кога изведбата се врши на sидови или подови внатре и со светли плочки. Надвор, како и во пределите со постојана влага (купатила, тоалети), како и во случај на големи механички оптеретувања, густ сообраќај обавезно е примена на комбинирана постапка на лепење во две фази со нанесување на лепак истовремено на подлогата и на керамиката, процентот на покривност со лепак на плочката треба да биде најмалце 90%. За лепење на плочки со димензии поголеми од 900 cm2 (30x30 cm), се препорачува нанесување на лепак и на керамичката плочка и на подлогата, нанесен во комбинираната постапка опишана горе.
**Фуги - спови помеѓу плочки:**
Препорачана ширина на фугата треба да биде најмалку 3 mm внатре, најмалку 4 mm надвор, а во случај на големи димензии на плочките над 30x30 cm (P=900 cm2), најмалку 5 mm. Фугите се изведуваат после најмалку 24h од лепењето на плочките.
**Еластични дилатации**
Еластичните дилатации мораат да бидат изработени со помош на надворешни профили, силиконски или полиуретански маси и се изработуваат на површини од 40 m2 во случај на неграни подови, во случај на греани подови елстичните дилатации се поставуваат на површини од 15 m2, а во случај на линеарни елементи (пр. ходник) до 15 m2. Споевите идат од нивото на плочките па се до подлогата.

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата за време на процесот на обработка и сврзување треба да биде најмалку 5ºC и максимална 30ºC. Површините мора да бидат заштитени од директна сончева светлина, дожд и ветер. Големата влажност и ниските температури може да доведат до продолжено време на сушење. Надворешните површини заштитете ги најмалку 24 часа од директна сончева светлина / врнежи и најмалку 72 часа од смрзнување. За подготовка на материјалот може да се користи само чиста вода (вода од чешма). Одредбите за применливите норми и прописи, како и техничката документација, вклучително и проектите, мора да се почитуваат.

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.


Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk